РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01-1356/1
23.04.2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55, став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Сл. весник на Р.М., бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) и чл. 48 од Законот за архивски материјал, директорот на Државниот архив на Р.С. Македонија донесе

# ПРАВИЛНИК

**за изменување и дополнување на Правилникот за условите за начинот на користење на архивски и документарен материјал во Државниот архив на Р.С. Македонија и начинот на манипулирање со архивскиот и документарниот материјал во депоата на Државниот архив, бр. 01-2691/1 од 25.08.2015 год.**

Член 1

Во Правилникот за условите за начинот на користење на архивски и документарен материјал во Државниот архив на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст - Државен архив) и начинот на манипулирање со архивскиот и документарен материјал во депоата на Државниот архив бр. 01-2691/1 од 25.08.2015 година, во членот 3 точката а) се менува и гласи:

**„Документи, копии и дигитализиран архивски и документарен материјал од архивските фондови и збирки;“.**

Точката в) се брише.

Досегашните точки г) и д) стануваат точка в) и точка г).

Член 2

По членот 5 се додава нов член 5а кој гласи:

„Член 5а

**Архивскиот и документарниот материјал што е предаден во Државниот архив, имателот што го предал може да го користи во оригинална или дигитализирана форма во читалната во Државниот архив.**

**Доколку имателот од став 1 од овој член побара од Државниот архив да му издаде определен документ, Државниот архив му го издава документот во копија или во дигитализирана форма.“**

Член 3

Во членот 6 во ставот 1 зборот „продолжени“, се заменува со зборот „**подолги**“.

**Член 4**

Во членот 7, во ставот 2, точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „**и тоа во копија (верно на оргинал) или во дигитализирана форма".**

По ставот 2, се додава нов став 3 кој гласи:

**„За сите наведени случаи на користење на архивски материјал, писмено одобрување дава директорот на Државниот архив. Одобрението го содржи следното: име и презиме на истражувачот или на претставникот на установата која го бара документот или фондот, точен назив на фондот или документот, количина (архивски кутии или архивски единици или број на листови) и датум."**

Досегашниот став 3, станува став 4.

**Член 5**

Во членот 10, став 4, зборот „**пет**", се заменува со зборот „**десет**".

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Директор,

Кирил Петров